**<u>ДРЖАВЕН ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ – СКОПЈЕ</u>**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ОД ИЗВРШЕНА ИНТЕГРАЛНА ЕВАЛУАЦИЈА ВО
# ООУ „СЛАВЧО СТОЈМЕНСКИ“ - ВИНИЦА

**ЈУНИ, 2024**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број: **09/14-09/6**
**19.06.2024** година
**Виница**

| | |
|---|---|
| **ООУ „Славчо Стојменски“ Виница** | |
| **Конечен извештај од извршена интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 11, 12 и 13.03.2024 |
| **Број на извештај:** | 03/2/2024 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Елена Павлова |
| **Вид на училиштето:** | Основно училиште |
| **Основач на училиштето:** | Општина Виница |
| **Наставен јазик:** | Македонски јазик |
| **Број на ученици:** | 450 |
| **Полова структура на ученици:** | 225 женски и 225 машки |
| **Број на наставници:** | 52 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Ивана Павловска |
| **Директор на училиштето:** | Горан Иванов |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 29-31.10.2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | ул.„Бел Камен“ бр.7 Виница |
| **Телефон:** | 033 361 914 |
| **Факс:** | 033 361 914 |
| **e-mail:** | slavco.stojmenski@t-home.mk |
| **Оценка ИЕ** | 3.01 (добро) |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласнот сочленовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013 , 41/2014, 33/2015, 145/2015) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

## Резиме

Во согласност со Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветна инспекција, во периодот од 11 до 13.03.2024 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведе интегрална евалуација во ООУ “Славчо Стојменски“ – Виница. Целта на интегралната евалуација е да се оцени квалитетот на воспитно - образовниот процес во училиштето, како и примената на законските и подзаконските акти. Во процесот на интегралната евалуација се изврши и вреднување на исполнетоста на работните обврски на наставниците и стручните соработници кои се вработени во училиштето.

Подготвителната фаза од интегралната евалуација е спроведена од раководителот на инспекцискиот тим, со посета на училиштето и прибирање на сите потребни документи во кои се содржат податоците за работата на училиштето.

За време на надзорот во учлилиштето, остварени се средби со директорот, наставници и стручни соработници, посетени се наставни часови и одржани се состаноци со училишниот одбор, совет на родители и членови на ученичкиот парламент / ученичката заедница.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на интегралната евалуација, разговорите водени со различни фокус групи, анализата на претходно доставените прашалници и коментари, како и од посетените наставни часови, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ„Славчо Стојменски“ – Виница е **добра**[1] **(3.01).**

Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерство за образование и наука. Воспитно - образовната работа во училиштето се остварува врз основа на наставните планови и програми за деветгодишно основно образование, како и врз основа на Насоките и Концепцијата за основно образование од прво до шесто одделение. По наставните предмети: биологија, хемија, природни науки, математика и физика (во седмо, осмо и деветто одделение), наставата се реализира според програми од Меѓународниот центар за наставни програми (CambridgeInternationalExaminationCentre), адаптирани од БРО и одобрени од МОН.

Во училиштето се реализираат и програмите: Образование за животни вештини (на одделенските часови), Меѓуетничка интеграција на младите во образованието (формиран е училишен тим кој ги планира, организира и реализира предвидените активности), Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем, Антикорупциска едукација за учениците.

Училиштето ја почитува процедурата при избор на изборните предмети кои ги изучуваат учениците. Изборот се врши преку анкетирање, при што на анкетниот лист се нудат наставните предмети од листата на изборни предмети предложени од Бирото за развој на образованието.

Училиштето има воспоставено процедури за информирање на родителите, учениците и училишните тела за целите и содржините на наставните планови и програми. На почетокот на учебната година, на родителска средба, родителите се запознаваат со наставниот план и наставните програми според кои се изведува наставата, преку изготвување на брошура, фејзбук профил и веб страна на училиштето.

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро

Во училиштето се реализира проширена програма, со која организирано се прифаќаат учениците еден час пред и еден час по завршување на наставата.

Училиштето планира и реализира разновидни вонаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците. Најголем број од постигнатите награди, признанија, пофалници на сите нивоа се резултат на реализацијата на вонаставните активности.

Во последните три години училиштето е вклучено во следниве проекти: „Инклузија на деца кои се надвор од училишта во образовниот систем “- МЦГО, МОН и Песталоци; „Међуетничка интеграција на младите во образовниот систем“; „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“; „Да ги земеме правата во наши раце“ - ПДАС – Мегаши; „Мировно образование“ - ПДАС – Мегаши; „Редовно на часови“; „Образовен додаток“; „Вклучување на ромите во образованието“ – Чекор по чекор.

Средниот успех на постигањата на учениците на училишно ниво, последните три години е континуирано многу добар (3.78). Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците по пол, етничка припадност, по наставни предмети и паралелки за сите квалификациони периоди, кои содржат предлог мерки за подобрување на постигањата на учениците.

Поголем дел од наставниците им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот. Учениците редовно учествуваат на натпревари на општинско и регионално ниво каде имаат освоено награди и пофалници. Помал дел обезбедуваат учество на државни натпревари. Поголем дел од наставниците им даваат поддршка на овие учениците избирајќи активности соодветни на нивните интереси и можности. Дополнителна и додатна настава се реализаира од најголем број на наставници во одделенска настава. Поголем број наставници во предметна настава евидентираат реализација на дополнителна и додатна настава, но реализацијата на дополнителна настава делумно задоволува.

Во училиштето има пропишани процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата. За успешна реализација на наставните планови и програми сите наставници имаат изготвено годишни и тематски планирања во електронска форма. На посетените часови наставниците користеа дневен оперативен план за час или сценарио за час и на голем број од посетените часови имаше примена на ИКТ и расположливи нагледни средства и материјали.

Задачите што се работат во училиште или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Поголем дел од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна и стимулативна средина, што поттикнува интерес за учење. Училиштето има политика за оценување со цел да го поддржи учењето на секој ученик и има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца.

Училиштето има формирано Училишен инклузивен тим кој има изготвено програма за работа. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП за 4 ученици со пречки во развојот. Остварена е соработка со ресурсниот центар „Св. Климент Охридски“ од Ново Село - Струмица, преку кој за помош и поддршка во работата со еден ученик е ангажиран еден образовен асистент. Идентификувани се 6 ученици со потешкотии во учењето.

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училишните објекти се осигурани. Има обучен кадар за давање на прва помош при несреќни случаи. Училиштето

има пишан документ во кој се дефинирани сите облици на однесување на учениците и возрасните што се сметаат за психичко и физичко насилство.

Грижата за здравјето на учениците е опфатена во годишната програма за работа на училиштето. Секоја година се организира вакцинација, систематски и стоматолошки прегледи за учениците во согласност со Националната програма за здравствена заштита. За наставниот кадар, пред почетокот на секоја учебна година се вршат санитарни прегледи, а се вршат и редовни систематски прегледи.

Хигиената во училниците, спортската сала и ходниците е добра. На состанокот со учениците беше изјавено дека иако хигиената во тоалетите е подобрена, сепак имаат поплаки за истата и немањето на сапун и тоалетна хартија.

Училиштето има Кодекс на однесување на учениците, наставниците и родителите и Куќен ред за однесување. Дисциплината на учениците во најолем дел е добра. Училиштето ства голем акцент на постигањата на учениците и ги промовира еднаквоста и правичноста, го прифаќа и промовира мултикултурализмот. Презема активности за соработка со родителите, кои подразбираат размена на информации, консултации и партнерски однос. Училиштето има добра соработка со локалната заедница.

Постапките во врска со финансиското работење во училиштето се спроведуваат во согласност со законските норми. На почетокот на годината се изготвува финансов план и план за јавни набавки, а на крајот на годината се изготвува завршна / годишна сметка. Поголемите инвестициски вложувања се спроведуваат со постапки за јавни набавки, а за спроведување на истите се задолжени комисии.

Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Сите членови се со легитимни мандати. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со Деловникот и програмата за работа на училишниот одбор. Работата е транспарентна за сите структури во училиштето.

Директорот на училиштето ефикасно ја планира, следи и унапредува работата на училиштето преку транспарентно тимско работење и распоредување на одговорностите на сите субјекти во училиштето. Фокусот на работењето на директорот е на подобрување на условите за работа, опременоста за унапредување на наставниот процес, одржување на позитивна клима со јасно потенцирани обвски и одговорности и афирмирање на училиштето.

Работата на училиштето е уредена со Статут на училиштето со дел.бр.01-64/2 од 10.02.2020 година, донесен од училишен одбор, и Решение за давање на согласност на Статутот на училиштето од МОН со арх.бр. 18-724/1 од 12.03.2020 година.

Училиштето преку тимско работење има изготвено Самоевалуација о дел.бр.01-46 од 18.02.2022 година, и Развојна програма со дел.бр.01-241/2 од 15.08.2023 година, која ги содржи приоритетите за развој на училиштето во наредните четири години која е усвоена од Училишен одбор. Во Програмата за развој се поставени четири стратешки цели:

1. Подобрување на инфраструктурата во училиштето;
2. Подобрување на квалитетот на наставата;
3. Професионален развој на воспитно – образовниот кадар;
4. Училишна клима, односи во училиштето и соработка со родителите.

Покрај стратешките цели испланирани се развојни и конкретни цели и активности.

За учебната 2023/2024 година училиштето има изготвено Годишна програма за работа со дел.бр.01-237 од 15.08.2023 година, која е усвоена од Советот на Општината.

Училиштето ги подобрува политиките за меѓуетничка интеграција, со нагласување на вредностите во визијата на училиштето и со реализација на Програмата за меѓуетничка

интеграција преку работилници на одделенски часови и самостојни активности во групи од мешан етнички состав.

Училиштето има мисија, визија, свое мото и лого. Училишните објекти и опремата се осигурани, а на доброволна основа осигурани се и учениците и вработените.

За развивање и унапредување на спортот, училиштето има регистрирано училишен спортски клуб клуб „Славчо Стојменски“ Виница, (дел. бр.30920130002628 од 13.11.2013) и Решение од Агенција за млади и спорт бр.08-5800/2 од 28.03.2014 година дека УСК ги исполнува условите за вршење дејност – училишен спорт. Се работи со екипи за футсал машки, кошарка и ракомет (машки и женски). Училишниот спортски клуб е вклучен во системите на натпревари кои ги организира Сојуз на училишни спортови.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

ООУ „Славчо Стојменски“ се наоѓа на ул.„Бел Камен“ бр. 7 во Виница. Решението за основање на училиштето е со дел.бр. 01486 од 25.12.1973 година, а дејноста на училиштето е верифицирана со решение на Министерство за образование и наука со дел.бр. 1001-1145 од 28.05.1985 година. Училиштето е регистрирано во Централен регистар на РМ со ЕДБ 4005975101379 и ЕМБС 4039556.

Училишната зграда на централното училиште е изградена во 1928 година, и до денес во три наврати е реновирана и доградувана. Во 1990 година училиштето се дели на две основни училишта од кои едното се сели во нова градба и го добива името ООУ„Гоце Делчев“ – Виница. Во состав на училиштето работат подрачно деветгодишно училиште во с. Градец и петгодишно училиште во с. Лески.

Наставата во училиштето се изведува на македонски наставен јазик. Во учебната 2023/2024 година во училиштето се запишани вкупно 450 ученици распоредени во 36 паралелки. Наставата се реализира во една смена.

Училишната зграда во Виница, со површина од 1835 м$^2$ , располага со: 25 училници и 2 кабинета (по информатика и природни науки), библиотека, канцеларии за директор, секретар и благајник, наставници, една просторија за стручните соработници (психолог, педагог, дефектолог и социјален работник), административно техничкиот кадар, санитарни јазли, котлара и други простории. Училишниот двор во централното училиште е делумно ограден со бетонски ѕид на кој е поставена метална ограда со три влеза, со површина од 6 599 м$^2$ , холтихултурно уреден и чист. Во состав на училишниот двор се и спортски терен за мал фудбал, кошарка и одбојка. Училиштето располага со фискултурна сала со површина од 645 м$^{2,}$ со стандарна висина, доволно осветлена, со простории за наставниците, за спортските реквизити, соблекувални, санитарни јазли и трибини за гледачите. Просториите во централното училиште се загреваат со парно греење на нафта и пелети. во ПУ во с.Градец со парно греење на нафта и дрва, а во ПУ во с.Лески греењето е со печки на дрва.

Училишната зграда во подрачното училиште во с. Градец е изградена во 1999 година со површина од 770 м$^2$. Располага со 9 училници и еден кабинет по информатика, канцеларии за наставници и техничкиот кадар, библиотека, санитарни јазли, котлара и други простории. Училишниот двор е со површина од 5 547м$^2$ и со спортски терени за кошарка**.** Училиштето располага со адаптирана фискултурна сала со површина од 175 м$^{2,}$ со нестандарна димензии во кој нема греење. Училишниот двор е холтикултуно уреден и чист. Просториите во централното училиште се загреваат со парно греење на нафта и дрва.

Училишната зграда во подрачното училиште во с. Лески е изградена во 1990 година со површина од 56 2м$^2$. Располага со 3 училници, канцеларии за наставници и техничкиот кадар, библиотека, санитарни јазли, котлара и други простории. Училишниот двор е со површина од 4 920 м$^2$ и со спортски терени за кошарка, ракомет и мал фудбал. Греењето е со печки на дрва. Училишниот двор е холтикултурно уреден и чист.

Училиштето максимално ги искористува расположивите капацитети, и на тој начин е овозможено и наставата во централното училиште да се одвива во една смена. Стручните соработници (педагог, психолог, социјален работник и специјален едукатор и рехабилитатор) работат во една просторија. Поради природата на работа, посебно на психологот и специјален едукатор и рехабилитатор, неопходно е да се обезбедат посебни просторни услови за работа.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

Наставниот процес во ООУ„Славчо Стојменски“- Виница се реализира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование. Реализацијата на наставните планови и програми обезбедува постигање на целите од националните стандарди и Концепцијата за основно образование. Содржините во поголемиот број наставни програми овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост. По наставните предмети: биологија, хемија, природни науки, математика и физика, во седмо, осмо и деветто одделение, наставата се реализира според програми од Меѓународниот центар за наставни програми (CambridgeInternationalExaminationCentre), адаптирани од БРО и одобрени од МОН. Во паралелките од прво до шесто одделение, воспитно – образовната работа се остварува според Концепцијата за основно образование, донесена со Решение бр.08-3980/1 од 03.03.2021 година, од страна на Министерот за образование и наука.

За реализација на наставната програма по физичко и здравствено образование од прво до петто одделение, покрај наставникот по одделенска настава, се вклучува и наставник по физичко и здравствено образование. Поради немање на активни баратели на работа со соодветно образование евидентирани во Центарот за вработување, на определено време се вработени две лица (студенти со запишан деветти семестар на Факултет за физичко образование, спорт и здравје – Скопје).

Училиштето изработува брошура и раководителите на паралелките на првата родителска средба ги запознаваат родителите со наставниот план и наставните програми според кои се изведува наставата, вклучително и за програмите кои се однесуваат за интегрирано образование.

Во училиштето се реализираат и програмите: Образование за животни вештини (на одделенските часови), Меѓуетничка интеграција на младите во образованието (формиран е училишен тим кој ги планира, организира и реализира предвидените активности), Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем, Антикорупциска едукација за учениците.

Со процесот на инклузија во редовната настава се вклучени 4 ученици со пречки во развојот. По препорака на Комисијата за функционална проценка на попреченоста според МКФ, за учениците се изготвени и се работи по индивидуални образовни планови. Остварена е соработка со ресурсниот центар „Св. Климент Охридски“ од Ново Село - Струмица, преку кој за помош и поддршка во работата со еден ученик е ангажиран еден образовен асистент. Идентификувани се 6 ученици со потешкотии во учењето.

Училиштето по наставен план, а согласно концепцијата и водичот за слободни изборни предмети, на учениците нуди слободни изборни предмети од четирите категории кои ученикот ги избира во текот на една учебна година (еден во прво и еден во второ полугодие), а во првиот образовен период, слободните изорни предмети се реализираат во форма на слободни активности. За учениците од седмо до деветто одделение се нудат три изборни предмети според наставниот план. Изборот на предмети се врши по спроведени анкети.

Согласно Законот за основно образование и Концепцијата за основно воспитание и образование, во училиштето се реализира проширена програма со која организирано се прифаќаат учениците од прво, второ и трето одделение еден час пред почетокот на часовите и еден час по завршување на наставата, во согласност со родител/старател.

### 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Наставниците ги изработуваат планирањата во согласност со наставните програми, насоките за планирање и организација на наставата и годишната програма за работа на училиштето.

Постојат примери на интегрирање на особеностите на локалната средина во поставените цели од наставните програми, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничката интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Училиштето редовно се вклучува во разновидни акции и спортски настани организирани од општината, хуманитарни акции, организирани посети на локалната самоуправа и посета на објекти и институции во општината.

Училиштето има разработено насоки за интегрирање на меѓупредметните цели, и поголем дел од наставниците истите ги применуваат.

Училиштето нема покренато писмена иницијатива до надлежен орган за изменување и дополнување на наставните планови и програми. За истите се дискутира на состаноци на органи и тела во училиштето, како и на родителски средби.

### 1.3. Вонаставни активности

Училиштето планира и реализира разновидни вонаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците.

Учениците се вклучуваат во вонннаставните активности по сопствен избор. Најголем дел од учениците се вклучени барем во една вонаставна активност. Во секциите се опфатени поголем број на ученици според нивните индивидуални способности и интереси. Учениците членуваат во литературно-рецитаторска секција, новинарска, драмска, историска, хемиска, ликовна, сообраќајно-техничка секција, млади географичари, млади физичари, природно – научна, еколошко-биолошка, љубители на странски јазици, спортски клубови и музичко-ритмичка секција. Препораките на наставниците се клучни при планирањето на содржините и активностите.

Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на различни манифестации, конкурси и натпревари што се организираат на општинско, регионално и државно ниво. Во последните три учебни години се земало учество на општински и регионални натпревари по: математика, англиски јазик, биологија, физика, хемија, германски јазик, природни науки, географија, Кенгур, Дабар, на кои се освојувани една од првите три награди. Во последните три учебни години освоени се едно второ и едно трето место на државен натпревар по биологија. Учениците учествуваат и освојуваат награди и на распишани литературни и ликовни конкурси во општината и државата.

Училиштето, во соработка со Првата детска амбасада во светот Меѓаши, во период од четири години (од 2017/2018 до второ полугодие во 2020/2021 година) било вклучено во проектот „Да ги земеме правата во свои раце“. Во насока на унапредување на детските права, превенција од насилство и справување со насилно однесување во училиштето, согласно акциските планови во училиштето се реализирани многубројни активности: ревидирање на Протокол за превенција од насилство, на постоечките правилници за дежурства на ученици и наставници, изготвен е Правилник за ефективна комуникација меѓу родители, наставници и останати, работилници со родителите за позитивно родителство и позитивна дисциплина, десетдневни работилници со 30 ученици од предметна настава тема форум театар и видови насилство (организирана е јавна презентација на сработеното пред родителите, претстваници од Општината, наставници и

ученици од другите училишта во општината, бизнис сектор, НВО и локални медиуми), содржински осмислени активности при одбележување на значајни датуми поврзани со темата, марш за почитување на детските права и превенција од насилство со изработени транспаренти и пораки во присуство на голем број ученици, наставници и стручните соработници.

По завршувањето на проектот, во 2021 година, соработката со Меѓаши продолжила со влегување на училиштето во Програмата за Мировно образование, и во периодот што следи исто така се реализирани бројни активности согласно изготвените акциски планови: работилници, вебинари, прашалници за ученици и родители за користењето на електронските уреди, три ученички земале учество во истражување и анализирање на резултатите на ниво на цела држава за правата на децата, одбележување на Светскиот ден на мирот 21 септември (творење/читање на поезија, цртање на тема мир, музичко-ритмички точки од одделенска и пеење песни од предметна настава), одбележување на Светскиот ден за искоренување на сиромаштијата под мото: „Од учениците за учениците“ преку собирање на облека и храна, одбележување на Денот на толеранцијата преку панел дискусија, спортски активности и пораки за толеранција.

Училиштето е вклучено и во проектот „Инклузија на деца што се надвор од училиштата“, „Редовно на часови“, а од 2023 година како едно од петте училишта на ниво на држава, во проектот на ниво на општини „Место за растење – општини посветени на децата“.

Училиштето планира и реализира ученички екскурзии како една од формите на вонндаставна активност кои најчесто имаат забавен, спортски и рекреативен карактер, согласно Правилникот за начинот на организација и спроведување на екскурзии во основното образование.

За развивање и унапредување на спортот, училиштето има регистрирано училишен спортски клуб клуб „Славчо Стојменски“ Виница, (дел. бр.30920130002628 од 13.11.2013) и Решение од Агенција за млади и спорт бр.08-5800/2 од 28.03.2014 година дека УСК ги исполнува условите за вршење дејност – училишен спорт. Се работи со екипи за футсал машки, кошарка и ракомет (машки и женски). Училишниот спортски клуб е вклучен во системите на натпревари кои ги организира Сојуз на училишни спортови.

Училиштето става голем акцент на афирмирањето на вонннаставните активности. За таа цел се користи Facebook профилот на училиштето, Веб страната на училиштето, училишен весник Еурека, локални медиуми, патронен празник.

## 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 2.1.Постигања на учениците

Стручните соработници изготвуваат извештаи и анализи за сите квалификациони периоди, кои содржат предлог мерки за подобрување на постигањата на учениците. Во извештаите и анализите се дадени податоци за постигањата на учениците по пол, етничка припадност, по наставни предмети и паралелки.

Средниот успех на учениците, согласно изготвените изештаи, на крајот од првото полугодие од учебната 2020/2021 година е 3,49; во учебната 2021/2022 година е 3.37 и 3.48 на крајот од првото полугодие од учебната 2022/2023 година.

Средниот успех на учениците, на крајот на учебната година, изнесува 3,75 во 2020/2021 година; 3,80 во учебната 2021/2022 година и на крајот од учебната 2022/2023 година е 3.78. Евидентно е дека на крајот на учебната година се утврдуваат повисоки оценки за разлика од оние на полугодие.

Училиштето има систем на детектирање и поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок. Поголем дел од наставниците им даваат поддршка на овие учениците избирајќи активности соодветни на нивните интереси и можности. Дополнителна и додатна настава се реализаира од најголем број на наставници во одделенска настава. Поголем број наставници во предметна настава евидентираат реализација на дополнителна и додатна настава, но реализацијата на дополнителна настава делумно задоволува.

Се следат постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава, но нема информации за постигањата при премин во средно образование.

Соработката на училиштето со родителите – роми, во однос на напредокот и постигањата на учениците е мал.

Советувањето на родителите и учениците го врши психологот. Согласно податоците во формуларите за извршени советувања, во учебната 2020/2021 година по основ намален успех кај учениците на советување биле поканети 53 родители, по основ нередовно посетување на настава – 7 родители и 1 родител по основ несоодветно однесување; во учебната 2021/2022 година по основ намален успех кај учениците – 2 родители, 28 родители по основ нередовно посетување на настава и 3 родители по основ несоодветно однесување; во учебната 2022/2023 година, по основ намален успех - 17 родители, по основ нередовно посетување настава – 32 родители и 4 родители по основ несоодветно однесување. Во првото полугодие од оваа учебна година по основ намален успех биле поканети 7 родители, 29 родители по основ нередовно посетување на настава и 3 родители по основ несоодветно однесување. Напоредно со родителите се врши и советување на учениците. По извршените советувања е забележано дека кај најголем дел од учениците има подобрување на успехот и коригирање на одредени облици на несоодветно однесување, како и зголемена редовност кај дел од учениците.

Училиштето организира самостојни активности со ученици од мешан етнички состав во рамки на училиштето. Нема партнер училиште за реализирање на заеднички активности.

## 2.2. Задржување/осипување на учениците

Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од реонот, вклучувајќи и услови за запишување на деца со пречки во развојот. Има изградено политика за запишување и презема различни активности да ги опфати сите деца од својот реон.

Податоци за училишните обврзници се обезбедуваат од Министерството за внатрешни работи преку општината. Уписот на децата го врши комисија формирана од директорот.

Училиштето ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од настава и презема конкретни активности. Вкупниот број на изостаноци на ниво на училиште во учебната 2020/2021 година изнесува 9053, од кои 3546 се неоправдани или 7 по ученик (2909 или 82.04 % се направени од ученици роми); во учебната 2021/2022 година има вкупно 18225 изостаноци, од кои 6812 се неоправдани ( 5025 или 73,8% од ученици роми; и во учебната 2022/23 година, вкупно 18601 изостанок, од кои 7188 неоправдани изостаноци ( 6572 или 91,4% од ученици роми). Училиштето во соработка со образовниот медијатор за учениците роми прави напори за подобрување на редовноста, социјалниот работник со одделенските наставници вршат и посета во нивните домови, психологот повикува на советувања, се доставуваат известувања и до државен просветен инспекторат, но се постигнуваат мали резултати во подобрување на редовноста.

Училиштето го следи осипувањето на учениците. Евидентирана е појава на напуштање на училиштето во текот на учебната година. Во учебната 2021/2022 година испишани се 66 ученици, во учебната 2022/2023 година се испишале 24 ученици и во учебната 2023/2024 година се испишале 26 ученици. Вкупно 116 ученици се испишале во последните три учебни години, а се запишале 38 ученици. Најчеста причина за напуштање на училиштето се наведува иселувањето и заминување на семејствата во странство, а многу помалку запишување на учениците во друго училиште во општината или во училиште од друг град.

Постапката за премин на ученици од едно во друго училиште се спроведува согласно закон, и на учениците им се издава преведница за запишување во друго училиште.

## 2.3. Повторување на учениците

Од податоците во извршените анализи за постигањата на учениците на крајот на учебната година е констатирано дека во последните три учебни години, вкупно 15 ученици го повторувале одделението (3 ученици во 2020/2021; 7 ученици во 2021/2022 година и 5 ученици во 2022/2023 година).

Учениците и родителите се запознаени со правото за поднесување на приговор доколку има незадоволство од постигнатиот успех на крајот од наставната година.

## 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

### 3.1. Планирања на наставниците

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на стручните соработници и директорот во годишните програми за работа.

На почетокот од учебната година наставниците ги доставуваат годишните и тематските планирања кај педагогот, кој врз основа на образец со јасни критериуми, врши следење на квалитетот на планирањата и дава повратна информација. Кај најголемиот дел наставници, доставените планирања ги содржат неопходните елементи за организација и реализација на наставата. Целите на наставата, очекуваните исходи и начинот на оценување се утврдени во планирањата, но не сите наставници ги користат информациите од оценувањето за да ги идентификуваат потребите на учениците и да ги планираат следните чекори во учењето. Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието обезбедува поддршка на наставниците за вградување на цели од образование за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост во нивните планирања. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на индивидуалните образовни планови за учениците со пречки во развојот и соработува со ресурсен центар „Св.Климент Охридски“ од Ново Село.

Сите наставници навремено ја планираат редовната, додатната, дополнителната настава и воннаставните активности. Имаат годишни, тематски, неделни планирања, дневни планирања или сценарија за наставен час. Планирањата ги содржат потребните елементи, но кај поголем дел од нив недостасуваат диференцирани активности за работа со талентираните ученици и учениците кои потешко напредуваат. Се изготвуваат и планови за реализација на „Програмата образование за животни вештини“ на одделенските часови, за користење на ИКТ во наставата со потенцирани Е-содржини, интегрирани еко содржини и содржини од проектот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието. Наставниците во своите наставнички потрфолија немаат материјали од реализација на содржини и работилници од програмата „Образование за животни вештини“ на одделенските часови.

Училиштето им овозможува на наставниците користење на стручна литература и материјали за планирањето на наставните часови, советодавно-консултативна работа на стручната служба, семинари организирани од страна на БРО, стручни совети како резултат на следење и анализа на дневните подготовки. Најголем дел од наставниците разменуваат искуства и идеи на ниво на стручни активи, и соработуваат со колеги од други училишта. Изготвуваат програми и извештаи за работата на стручните активи во училиштето, а за состаноците се водат записници.

Училиштето има формирано Училишен инклузивен тим кој има изготвено програма за работа. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП за 4 ученици со пречки во развојот

Распоредот на часови е изработен во согласност со наставниот план. Училиштето навремено изработува распоред за додатна и дополнителна настава.

### 3.2. Наставен процес

Најголем број од наставниците во одделенска настава и поголем број од наставниците во предметна настава користат разновидни наставни форми, методи и техники во наставата. Наставниците работат со учениците индивидуално, во група, во парови или со целата паралелка, но методите што ги користат не се секогаш соодветно

избрани, односно се користат исти приоди за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците.

Најголем број од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата. За реализација на наставата се користат расположливите наставни средства, 5 интерактивни табли, 11 ЛЦД проектори поставени во училниците, 15 компјутери во кабинет по информатика и 10 компјутери во ПУ во с.Градец.

Изборот на задачи и активности (со различно ниво на сложеност) за време на часот, не секогаш е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците користат учебници, материјали за учење, прирачен материјал и расположливи ресурси.

Со процесот на инклузија во редовната настава се вклучени 4 ученици со пречки во развојот. По препорака на Комисијата за функционална проценка на попреченоста според МКФ, за учениците се изготвени и се работи по индивидуални образовни планови. Остварена е соработка со ресурсниот центар „Св. Климент Охридски“ од Ново Село - Струмица, преку кој за помош и поддршка во работата со еден ученик е ангажиран еден образовен асистент. Со нив, во училиштето работи и специјален едукатор и рехабилитатор. Преку Здружението „Отворете ги прозорците“ училиштето има добиено десет комплети за асистивна технологија (голема тастатура, двоклик, џојстик, трагбол и едукативно ЦД по математика и македонски јазик). Поради немање на посебна просторија за работа на специјален едукатор и рехабилитатор, истите се спакувани и не се во употреба.

Идентификувани се 6 ученици со потешкотии во учењето. Поголем дел од наставниците водат грижа за можностите на овие ученици во процесот на учење, и задаваат диференцирани задачи (по тежински нивоа) на часовите и за домашна работа. Се организира дополнителна настава која се реализира кај најголем број од наставниците во одделенска настава. Дополнителна настава во предметна настава не се реализира во целост.

За учениците кои покажуваат значителен интерес и резултати по поедини предмети се организира додатна настава. Додатната настава најчесто одржува за подготовка на учениците за учества на натпревари.

Наставниците најчесто ги запознаваат учениците со целите на учењето и очекуваните исходи. Од извршената посета на часови, како и од добиените информации од стручните соработници при нивните посети на наставни часови е констатирано дека во училиштето застапеноста на интерактивната настава е добра. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата. Постои работна дисциплина и атмосфера на часовите.

Најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош и соработка, без да се прави разлика меѓу учениците во однос на нивниот пол, социјално потекло, етничка припадност или попреченост.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, истата редовно се применува од страна на стручните соработници. Најмногу еднаш во полугодие се врши посета на часови кај наставниците. Констатирано е дека директорот не вршел посета на настава. Не се следи реализацијата на часовите за додатна и дополнителна настава, како и реализацијата на Програмата „Образование за животни вештини“ на одделенските часови.

### 3.3. Искуство на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна и стимулативна средина за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден, а визуелниот

материјал и пишаните содржини во него го отсликуваат мултикултурниот/мултиетничкиот карактер на Република Македонија. Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места во училницата и училиштето, и истите редовно се менуваат.

Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен по повеќето предмети и сметаат дека не се што се учи е поврзано со секојдневието, применливо и корисно во реалниот живот и ги оспособува за активно учество во демократско и мултикултурно општество.

За време на часот, поголем дел од наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.

Повеќето ученици сметаат дека имаат можност да го кажат своето мислење и да преземат одговорност при решавањето на проблеми поврзани со учењето, во и надзов од наставата. Формиран е Ученичкиот парламент, кој има избрено раководство, и има изготвено програма за работа. Избрени се двајца претставници за учество во работата на училишен одбор. Од одржаните состаноци се водат записници. Членовите имаат активна улога во училишниот живот. На состанокот присуствуваа голем дел од училишната заедница, а раководството на ученичкиот парламент преку презентација, низ фотографии, го запознаа тимот од инспектори за нивните активности во изминатиот период.

Поголем број на ученици сметаат дека интеракцијата со другите ученици е добра, а посебно во активностите кои заеднички ги реализираат. Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надзор од наставата, во групи со различен состав и големина.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат образовни потреби и пречки во процесот на учење на учениците, но мал дел од наставниците не преземаат доволно активности за исполнување на потребите и/или отстранување на пречките.

Со учениците кои имаат тешкотии во учењето, стручните соработници и наставниците водат индивидуални разговори, како и разговори со родителите, и се организира дополнителна настава. Поддршката на учениците со тешкотии во учењето во редовна настава, во смисла на задавање на диференцирани задачи за време на часовите како и за домашна работа се применува од поголем број наставници. Додатна настава најчесто се реализира за подготовка на ученици за натпревари или како подготовка за тестирање. Наставниците, во рамките на инклузивниот тим и соработка со ресурсниот центар од Ново Село, за учениците со пречки во развојот наставата ја реализираат по ИОП. Се прави евалуација на постигнатите цели од ИОП за планирање на идни активности и пристапи кон овие ученици.

Врз основа на Законот за основно образование, а според Концепцијата за основно воспитание и образование во училиште се реализира проширена програма, со која организирано се прифаќаат учениците еден час пред почетокот на часовите и еден час по завршување на наставата.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците се обучени за примена на стандарди во оценувањето. Наставниците изготвуваат сопствени критериуми за оценување врз основа на стандардите за оценување, за сите програми според кои

реализираат настава. Годишните оценки се сумативни и произлегуваат од формативното оценување во текот на годината, но се препознатливи отстапувања во оценувањето, што е потврдено и од учениците и од родителите, кои сметаат дека на крајот на учебната година се ставаат повисоки оценки од оние на полугодие.

Поголем дел од наставниците користат различни инструменти и методи за оценување. Поголем дел од наставниците во предметна настава го следат и го оценуваат напредокот на учениците во сопствени тетратки или на посебни евидентни листови. Натавниците во одделенска настава документираат докази за формативно оценување кои се составен дел од досието на секој ученик. Оценувањето е јавно, образложено и транспарентно. Постигнувањата на учениците со пречки во развојот е во согласност со целите во ИОП и Правилникот за начинот на оценување на учениците со попреченост.

Поголем број од наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и насоки за подобрување на постигањата.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката.

За таа цел се користат организирани формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина), индивидуални средби (за пренесување информации за конкретен ученик) со родителите.

Родителите добиваат и пишани извештаи со информации за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет (евидентни листови) на тромесечие, и свидетелства на крајот на учебната година.

Наставниците го водат и редовно ги ажурираат податоците во Е – Дневникот. Родотелите имаат пристап до електронскиот дневник и редовно се известуваат за постигањата, редовноста и поведението на нивните деца.

# 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1 Севкупната грижа за учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, струјните места, дворот) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност за повреди на учениците.

Училишниот двор е целосно ограден, уреден и чист, со поплочени патеки, паркинг простор, спортски игралишта, зелена површина и цвеќиња.

Пристапот во училиштето е прилагоден за влез на лица со физичка попреченост.

Склучени се полиси за осигурување на училишната зграда со АД „Осигурителна полиса“ – Скопје, на наставниците и учениците на доброволна основа со осигурителна компанија – Сава осигурување. Во изборот на осигурителната компанија за учениците, вклучени се родителите преку Совет на родители. Училишната опрема е осигурана преку АД „Осигурителна полиса“ – Скопје.

Училиштето има изготвено Правилник за заштита од пожари и експлозии, бр.01-337/2 од 31.08.2015 година, Проценка на загрозеност за можни опасности, План за заштита и спасување од проценети опасности, бр.01-584 од 06.12.2012 година, Елаборат за подготвување на показна вежба за заштита и спасување од пожар и други елементари непогоди, бр.01-584/1 од 06.12.2012 година со шема на влезни и излезни патишта на возила и евакуација на луѓе и материјални добра, План за евакуација и Согласност на планот од Подрачно одделение за заштита и спасување со бр. 03-402/3 од 19.10.2015 година. Последна вежба за напуштање на училишната зграда при симулација на елементарна непогода е изведена на 31.03.2019 година.

На училишната зграда поставена е громобранска инсталација. Од страна на инспекциско тело за електрични мерења и испитувања, извршен е преглед и доставен е заклучок дека врз основа на добиените резултати, громобранската инсталација е исправна за користење. Училишната зграда е обезбедена со 11 камери за видео надзор во централната зграда и две во ПУ с. Градец. Поставени се 6 ПП апарати кои се во функција и редовно се сервисираат од страна на надлежна институција. Седум вработени во училиштето поминале показна вежба за правилна употреба и ракување со противпожарни апарати. Обучени се шест наставници за давање прва помош на вработени и ученици при несреќни случаи, од кои по два се во подрачните училишта.

За време на одморите се организираат дежурства по ходниците од страна на наставниците и стручните соработници. На влезот во училиштето се организираат дежурства од страна на ученици.

Училиштето има донесено Куќниот ред (бр. 03-265/2 од 08.10.2020 година) и Кодекс на однесување на учениците (бр.01-352/2 од 06.10.2016) и Кодекс на однесување на наставниците и стручните соработници (бр. 01-352/3 од 06.10.2016 година), кои се истакнати во училишните простории и училишниот хол.

Училиштето води политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства. Во училиштето не се пуши, наставниците не доаѓаат во алкохолизирана состојба, и не се дистрибираат и користат наркотични средства. Училиштето има пишани процедури за регистрирање на појавата на ваквите состојби и постапување при секое отстапување од нив. За заштита на учениците од употреба на алкохол, цигари и наркотични средства училиштето организира предавања.

Училиштето има пишани документи во кои се дефинирани облици на однесување на децата и возрасните, што се сметаат за психичко и физичко насилство. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето. Училиштето води евиденција за појавните форми на насилство. Не се евидентирани примери на насилство манифестирани од страна на возрасните. Стручните соработници и одделенските раководители реализираат работилници на оваа тема.

Нема организирана исхрана на учениците во училиштето. Учениците со храна се снабдуваат од околните сендвичари и продавници. Училиштето обезбедува увид за квалитетот на храната што им се нуди на учениците. Во училиштето се организираат предавања и активности за здрава храна.

За учениците од ПУ во с. Лески се организира бесплатен превоз од домот до училиштето и обратно.

Училиштето има инклузивен тим и пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот. Инклузивниот тим ја усогласува програмата според индивидуалните потреби на учениците. Училиштето соработува со родителите на овие ученици, а за еден ученик преку ресурсен центар во Ново Село обезбеден е образовен асистент. Нема ученик со физичка попреченост. Пристапот до училиштето е прилагоден на потребите на лица со физичка попреченост, но доколку има таков случај, неговото движење е возможно само на први кат. Нема прилагоден тоалет за вакви лица.

Училиштето води евиденција за учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства. Идентификацијата се врши при запишувањето на учениците во училиштето, кога за секој ученик се пополнува социјален картон. Училиштето обезбедува материјални средства за ученици кои поради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици, со организирање на хуманитарни акции од страна на ученичката заедница и со помош на социјалниот работник и Црвен Крст.

## 4.2 Здравје

Грижата за здравјето на учениците е опфатена во годишната програма за работа на училиштето.

Хигиената во училниците, спортската сала и ходниците е добра. На состанокот со учениците беше изјавено дека иако хигиената во тоалетите е подобрена, сепак имаат поплаки за истата и немањето на сапун и тоалетна хартија.

Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Редовно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД) од Центар за јавно здравје. Во случаи на појава на зараза од грип и други заразни болести, училиштето редовно соработува со епидемиолошката служба и ги следи насоките дадени од нив.

Согласно календарот за здравствена заштита на учениците, се организираат редовни систематски прегледи. За наставниот кадар, пред почетокот на секоја учебна година се вршат санитарни прегледи, за што се водат санитарни книшки. Се вршат и редовни систематски прегледи (на две години). Последниот систематски преглед на вработените е извршен на на 15.09.2023 година, а саниртарни прегледи на 22.08.2023 година. Секоја година се организира вакцинација, систематски и стоматолошки прегледи за учениците во согласност со Националната програма за здравствена заштита, за што се води евиденција.

Училиштето за учениците кои заради хронично заболување или други оправдани причини подолго време отсуствуваат од настава, постапува согласно одредбите од Законот за основно образование.

Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа за ученици со емоционални проблеми. Стручната служба е обучена да им помогне на учениците и родителите во вакви ситуации и ги упатува до соодветни институции (Центар за социјална работа, здравствени установи и др.).

## 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето организира активности за професионална ориентација на учениците согласно Програмата за професионална ориентација, која е составен дел на Годишната програма за работа. За можностите за понатамошно образование училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации.

Предвидени се активности за самоспознавање на учениците преку работилници на одделенските часови во осмо и деветто одделение, ликовно и писмено изразување на идните занимања, анкети за продолжување на образованието, прашалник за професионални интереси и способности. Учениците се информираат за видовите на професии и можностите за школување и со Конкурсот за запишување во средни училишта. Од страна на психолог се изработува брошура со која на учениците им се даваат насоки за вистинскиот изборот на професијата и колку тоа има клучна улога во развот на личноста.

Се вршат посети од средни училишта кои нудат информации за уписите и се користат промотивни материјали за запознавање на учениците со програмите кои се реализираат во средното образование и условите за работа.

## 4.3 Следење на напредокот

Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на учениците.

Редовно се изготвуваат прегледи, анализи и извештаи за постигањата, редовноста и поведението на тримесечие, полугодие и за крај на учебната година и податоците влегуваат во полугодишниот и годишниот извештај на училиштето.

Во одделенска настава, се водат ученички досиеја со личните трудови и постигнати резултати на учениците, евидентни листови за секој ученик каде се следи неговиот успех и поведение од страна на одделенските раководители.

Наставниците изготвуваат извештаи по квартали за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Подготвените извештаи се доставуваат до стручните соработници за понатамошна обработка и се достапни за сите други наставници, родители и ученици. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.

Со податоците за постигањата и редовноста на учениците, родителите се информираат на индивидуални средби и на родителските средби, а писмено преку евидентните листови за секое тримесечје и на полугодие, преку свидетелствата на крајот на учебната година и Е – дневник на паралелка.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето се добри, со исклучок на изолирани случаи кои не влијаат на општиот впечаток за училиштето.

Училиштето има добар углед во однос на квалитетот на работење и постигањата и разновидните воннаставни активности во различни области, како и според остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Мал број од наставниците со своето однесување не придонесуваат за афирмација на училиштето.

Постои професионален однос помеѓу вработените, особено на ниво на активи. Раководниот орган, стручниот и наставниот кадар имаат клучна улога во одржувањето на професионалниот однос помеѓу сите структури и позитивна атмосфера во училиштето.

Училиштето има донесено Кодекси на однесување во кои се поставени правилата на однесување на учениците и останатите вработени. Во изработката на Кодексите учествувале наставниците, стручните соработници, учениците, а истите биле усвоени од Училишниот одбор. Училиштето има Куќен ред, кој е поставен на видно место во холот на училиштето.

Најголем дел од вработените и учениците ги почитуваат усвоените правила на однесување на училиштето. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето. Најголем дел од учениците се совесни и соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар.

Дисциплината на учениците е на добро ниво, со исклучок на мал број случаи на поедини ученици. Проблемите со дисциплината резултираат со изрекување на педагошки мерки, согласно Правилникот за изрекување на педагошки мерки. Во учебната 2023/2024 година изречени се 14 усни опмени, 12 писмени опмени, 6 укор, 5 добро и 1 - незадоволително поведение. Во учебната 2022/2023 година изречени се следните педагошиа мерки: 19 усни опмени, 14 писмени опмени, 7 укор и 4 добро поведение, а во учебната 2021/2022 година: 22 усни опмени, 16 писмени опмени, 8 укор, 4 - добро и 1 незадоволително поведение. Овие педагошки мерки се главно поради отсуства, а помалку за нарушување на дисциплината во училиштето.

Родителите учествуваат во животот и работата на училиштето. Советот на родители има донесено Деловник за работа во кој се пропишани постапката и начинот на конституирање на советот, неговите цели, права и надлежности, како и начинот на работа и функционирање.

Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците и има формирана ученичка заедница на сите нивоа (од паралелка до училиште) според законите и демократска процедура. Ученичката заедница учествува во донесување на одлуки за прашања кои се од непосреден интерес за учениците.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето става голем акцент на постигањата за сите ученици. Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување на јасни цели и очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците.

За унапредување на личните постигања на учениците во училиштето се организираат слободни ученички активности, се учествува на натпревари, литературни и ликовни конкурси, спортски натпревари. Позначајните дипломи, признанија и пехари се истакнати во посебна витрина во холот на училиштето.

Училиштето личните поистигања на учениците ги промовира на фејзбук страницата на училиштето, веб страната, патронен празник, училишен весник Еурека, локални медиуми. Доделувањето на награди и пофалници од страна на раководниот орган за учениците најчесто се врши на патронен празник и на крај на учебната година. Градоначалникот на општината доделува стипедија за ученикот на генерацијата.

Резултатите од постигањата на учениците се внесуваат во полугодишните и годишните извештаи на училиштето.

## 5.2 Еднаквост и правичност

Најголем број од вработените во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги запознава учениците со нивните права и како да постапуваат во случај на повреда на нивните права.

Најголем број од вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици без разлика на полот, социјалното потекло и способностите и кога се работи за активности на часот и за активности надвор од часовите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и во најголем дел има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живoти.

Училиштето ги образува учениците да ја почитуваат сопствената култура, вера и традиција, но да ги почитуваат и културите, верата и традициите на другите етнички заедници. Во рамки на проектот за Меѓуетничка интеграција на младите во образованието се реализираат самостојни активности за меѓуетничка интеграција. Нема партнер училиште, но со оглед на етничката структура на учениците (225 македонци, 118 роми, 15 турци и 2 други), активностите се реализираат со цели паралелки кои се со мешан состав, како и групи со мешан состав при воннаставни активности.

## 5.3 Партнерски однос со родителите, со локалната и со деловната заедница

Училиштето презема активности и ја прифаќа поддршката на родителите кои сакаат да се вклучат во подобрување на воспитно-образовната работата на училиштето. Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во работата на училиштето, преку формалните законски форми - Совет на родители и Училишен одбор. На состаноците со членовите на овие органи беа изнесени и конкретни примери на соработка и разрешување на проблеми, особено во насока на поддршка на училиштето во санирање и реновирање на постојните училишни објекти, реконструкција на санитарните јазли, обезбедување на просторија за исхрана на учениците, организирање на екскурзии, новогодишен базар и сл.

Задолжително се одржуваат по две родителски средби во прво полугодие и три родителски средби во второ полугодие. Родителски средби не се посетуваат од родителите на учениците со слаб успех.

Училиштето е отворено за соработка со родителите секој ден преку индивидуални средби со наставниците. Родителите се запознаени со програмата за работа на училиштето, со правата и обврските на учениците на родителската средба која се организира на почетокот на учебната година и преку информативната брошура за родителите.

Училиштето е вклучено во животот на општината преку спроведување на заеднички проекти, активности, учество на настани од интерес на заедницата, учество во одбележување на значајни настани и датуми, манифестации.

Училиштето соработува со институциите на локалната заедница: Центар за јавно здравје, Министерство за внатрешни работи, Центар за социјални работи, Црвен крст, Агенција за вработување, Музеј од општина Виница, Градска библиотека, ДПИ, МОН, БРО, училишта од општината и државата, Невладини организации и здруженија.

Остварена е соработка и со деловната заедница: Ротари клуб - донација за изградба на летна училница и роботика, Мак Прогрес - донација на новогодишни пакетчиња, Ирибов - донација на новогодишни пакетчиња, 5 бели табли и столчиња на наставниците во ПУ с.Градец, Моја градина - донации на дрвца за пошумување и Денак трејд - донација на витрина за библиотеката во подрачното училиште во с.Лески.

.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1. Сместување и просторни капацитети

Воспитно образовната дејност во училиштето се реализира во една зграда, која се наоѓа во централниот дел на градот, како и во два објекти во ПУ во с. Градец и с. Лески. Сите училишни објекти се одржуваат во добра состојба, иако се работи за релативно стари градби, особено во централното училиште.

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава.

Училишната зграда во Виница е изградена во 1928 година со површина од 1835 м$^2$ , располага со: 25 училници и 2 кабинета (по информатика и природни науки), библиотека, канцеларии за директор, секретар и благајник, наставници, една просторија за стручните соработници (психолог, педагог, дефектолог и социјален работник), административно техничкиот кадар, санитарни јазли, котлара и други простории.

Училишниот двор во централното училиште е делумно ограден со бетонски ѕид на кој е поставена метална ограда со три влеза, со површина од 6 599 м$^2$ , холтихултурно уреден и чист. Во состав на училишниот двор се и спортски терен за мал фудбал, кошарка и одбојка. Училиштето располага со фискултурна сала со површина од 645 м$^{2,}$ со стандарна висина, доволно осветлена. Хигената во спортската сала е добра. Во неа има простории за наставниците, соблекувални за учениците и наставниците, за спорските реквизити, санитарни јазли и трибини за гледачите. Хигиената во училиштето и училишниот двор е добра. Санитарните јазли се во доволен број според бројот на ученици и прописно поделени на машки и женски. Во централното училиште има само еден санитарен јазол за вработените. Во училиштето од I одд до IX одд. настава посетуваат 390 ученици распоредени во 25 паралелки. Просториите во централното училиште се загреваат со парно греење на нафта и пелети, во ПУ во с.Градец со парно греење на нафта и дрва, а во ПУ во с.Лески греењето е со печки на дрва.

Училишната зграда во подрачното училиште во с. Градец е изградена во 1999 година со површина од 770 м$^2$. Располага со 9 училници и еден кабинет по информатика, канцеларии за наставници и техничкиот кадар, библиотека, санитарни јазли, котлара и други простории. Училишниот двор е со површина од 5 547м$^2$ и со спортски терени за кошарка**.** Училиштето располага со адаптирана фискултурна сала со површина од 175 м$^{2,}$ со нестандарна димензии во кој нема греење. Во училиштето од I до IX одд, настава посетуваат 38 ученици распоредени во 9 паралелки. Хигиената во училиштето е добра. Училишниот двор е холтикултуно уреден и чист.

Училишната зграда во подрачното училиште во с. Лески е изградена во 1990 година со површина од 56 2м$^2$. Располага со 3 училници, канцеларии за наставници и техничкиот кадар, библиотека, санитарни јазли, котлара и други простории. Училишниот двор е со површина од 4 920 м$^2$ и со спортски терени за кошарка, ракомет и мал фудбал. Во училиштето од I до V одд. настава посетуваат 18 ученици распоредени во 2 комбинирани паралелки. Хигиената во училиштето е добра. Училишниот двор е холтикултурно уреден и чист.

Училиштето максимално ги искористува расположивите капацитети, и на тој начин е овозможено и наставата во централното училиште да се одвива во една смена. Стручните соработници (педагог, психолог, социјален работник и специјален едукатор и рехабилитатор) работат во една просторија. Поради природата на работа, посебно на психологот и специјален едукатор и рехабилитатор, неопходно е да се обезбедат посебни просторни услови за работа.

## 6.2. Наставни средства и материјали

Училиштето располага со стручна литература и наставни средства и помагала за реализација на наставата. Раководниот кадар потребите за наставни средства и помагала, аудиовизуелна и ИКТ опрема ги утврдувана годишно ниво, по доставени барања од наставниот кадар, и според потребите и приоритетите истите се обновуваат и надополнуваат.

Училиштето располага со: 5 смарт табли, 11 ЛЦД проектори, 7 принтери, 7 скенери, 10 печатачи, 2 микроскопи, 19 телевизори, касетофони, ДВД, музички инструменти, спортски реквизити, наставни средства и помагала за природните науки, 33 активни компјутери распоредени во две училници, 25 мали лап-топи за учениците, 33 таблети за учениците и 12 лап топи за наставниците.

Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и истите ги користат во наставата и учењето. Обезбедени се услови и во голема мера е застапено користење на ИКТ опрема. За таа цел, во најголемиот број училници се поставени ЛЦД проектори поврзани со компјутер или има смарт табла.

За потребите на учениците со пречки во развојот, специјалниот едукатор и рехабилитатор користи и изготвува прилагодени наставни средства. Има потерба од набавка на дополителни наставни средства за работа со овие ученици.

Училишната библиотека во централното училиште располага со 2461 наслови или вкупно 8190 книги од различен жанр (лектирни изданија од I до IX одд., слободна литертура, домашна литература, светска литература, стручна литература, изданија од нобеловци и др). За обновување и дополнување на книжниот фонд, посебно за лектирни изданија училиштето континуирано врши набавки во рамките на своите можности. Во библиотеката се ангажирани двајца наставници кои до полно работно време дополнуваат со по четири работни часа. Ангажираните наставници имаат изготвено Годишна програма за работа на библиотеката. Библиотечната евиденција се води во пишана форма и електоронски. Библиотеката е отворена за учениците секој работен ден од 09.00 до 12.30 часот, со исклучок на вторник.

Училишната библиотека во ПУ во с. Градец располага со 367 наслови или вкупно 1867 книги од различен жанр (лектирни изданија од I до IX одд, слободна литертура, домашна литература, светска литература, стручна литература, изданија од нобеловци и др.). Во библиотеката работи еден наставник (со 8 наставни часа) кој дополнува до полно работно време**.**

Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал потребен за реализација на наставните и вонннаставните активности, но има потреба од нивно зголемување. Планирањето и снабдувањето со потрошен материјал се врши согласно планот на училиштето.

## 6.3. Обезбедување на потребен кадар

Училиштето има вработено наставници и стручни соработници за реализирање на воспитно-образовниот процес по сите наставни предмети. Наставниот процес во училиштето го реализираат вкупно 53 наставници (20 во одделенска и 33 во предметна настава). На неопределно работно време со полн фомд на часови се вработени вкупно 44 наставници, 7 наставници се вработени на определено работно време со полн фонд на часови,а 2 наставници се вработени на определено работно време со неполн фонд на часови. Одреден број на наставници дополнуваат часови во друго училиште и обратно. Пет наставници се несоодветни согласно нормативите (двајца по ФЗО, еден по музичко

образование, еден по природни науки и еден по иновации), поради тоа што на распишаните огласи не се пријавуваат соодветени наставни кадари. Наставниот кадар е делумно обучен за работа со деца со пречки во развојот. За работата со нив добиваат поддршка од специјалниот едукатор и рехабилитатор, а за еден ученик е ангажиран образовен асистент. Раководниот кадар, наставниците и стручните соработници се обучени и реализираат активности за меѓуетничка интеграција.

Вработени се 4 стручни соработници – педагог, психолог, социјален работник и специјален едукатор и рехабилитатор. Работата на наставниот кадар и стручните соработници е потпомогната, надополнета и олеснета од страна на раководниот и административниот кадар: директор, раководител во ПУ во с. Градец, секретар, благајник, книговодител (кој го води книговодството на сите училишта во општината) и останат технички кадар.

Во училиштето нема родова, етничка или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар.

Наставниците работат како тим во рамки на стручните активи кои придонесуваат за ефективно работење на училиштето. Во случаи на пократко отсуство на наставник, училиштето врши замена со постојните наставници. За подолги отсуства се бара мислење од основачот.

Вработените стручни соработници даваат поддршка на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, во запишувањето и следење на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците, соработка со образовниот медијатор заученици роми за надминување на состојбата со нередовното псетување на настава. Во своите програми за работа планираат и спроведуваат разновидни активности за работа со учениците, наставниците и родителите и секогаш се отворени за соработка.

Вработените го почитуваат работното време. Редовноста и извршувањето на работните задачи се контролира од страна на раководниот орган.

## 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот. Има програма за професионален развој на наставниците, се води грижа за идентификување на потребите за професионален развој.

Наставниците од одделенска настава и наставниците кои реализираат настава во шесто одделение имаат посетено обука за новата Концепцијата за основно образование.

Училиштето учествува на обуки и семинари кои го унапредуваат воспитно-образовниот процес, има воспоставено систем за дисеминација на знаењата и води евиденција за посетени обуки и семинари. Изборот на наставници кои учестуваат на овие семинари е транспарентен и правичен.

Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на педагогот и психологот, увид во планирањата и преку активностите на стручните активи.

Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионален развој. Училиштето има пропишана процедура за наставниците приправници за навремено определување на ментори за реализација на приправничкиот стаж.

## 6.5. Финансиско работење

Од непосредниот увид во документацијата е констатирано дека училиштето има финансиски план за обезбедување на потребните средства за непречено финансиско

работење. Органите во училиштето се запознаени со финансиските активности на училиштето.

Училиштето изработува Годишен финансиски план и Годишен финансиски извештај, кој се доставува до Советот на Општината, по претходно разгледување од страна на Училишниот одбор. Јавните набавки ги врши овластено, сертифицирано лице кое е вработено во Општина Виница, со кој училиштето има склучено договор за реализација на јавните набавки, и за нивните услуги се предвидени рамковни средства во планот за јавни набавки. Училиштето има формирано Комисија за јавни набавки со членови од Училишниот одбор, како механизам на директно следење и контрола од органот на управување. Постои документација за начинот на спроведување на јавните набавки, и транспарентност во финансиското работење на училиштето.

Училиштето добива финансиски средства само од буџетот на РСМ. Нема сопствени приходи преку сметката за самофинансирање. Раководниот орган транспарентно и наменски ги насочува средствата од буџетот, и познава механизми за обезбедување на дополнителни финансиски средства по пат на донации и спонзорства.

Буџетот се користи наменски и за креативни цели кои се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.

Училишниот одбор го следи трошењето на буџетот. На крајот на календарската година добива извештај за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето. Во последните три години не е извршена ревизија за финансиското работење од страна на надлежна институција.

# 7.УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО

## 7.1.Управување/раководење со училиштето

Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Сите членови се со легитимни мандати. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со Деловникот и програмата за работа на училишниот одбор. Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците како и на целокупниот воспитно-образовен процес. Состаноците се одржуваат во согласност со деловникот за работа. Членовите уредно и навремено се поканувааат (но има членови кои не присуствуваат на состанок), и секогаш се обезбедува потребното мнозинство за работа. За одржаните состаноци се водат записници (записничар е секретарот во училиштето,) и истите се усвојуваат на секоја наредна седница.

Училишниот одбор работи транспарентно и има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите структури. Активно учествува во креирањето политики во кои се афирмира инклузивноста, меѓуетничката интеграција и граѓански активизам. Статутот на училиштето е донесен на седница на Училишен одбор со архивски број 02-64 од 10.02.2020 година. Решението за давање на согласност на Статутот на училиштето од МОН со арх.бр. 18-724/1 од 12.03.2020 година. Годишната програма за работа на училиштето е донесена и заведена со дел.бр.01-237 од 15.08.2023 година, со одлука од Општината бр. 03-279 од 30.08. 2023 година.

Соработката на Училишниот одбор со родителите, директорот и локалната самоуправа е многу добра.

Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите чинители во животот на училиштето, објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придинес во тимската работа, ја промовира добрата практика што постои во училиштето, и е доволно критичен кон оние кои помалку, или воопшто не придонесуваат за квалитетот на образовниот процес. Во неговиот мандат нема изречено писмени опомени за наставници.

Директорот на училиштето има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрувањето на условите за работа на училиштето, дисциплината и постигањата на учениците. Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа.

Раководниот орган има компетиции за тимска работа и тоа го практикува при градење на политики, планирање и обезбедување квалитет. Има активна улога во реализирањето на училишните политики за инклузивноста, меѓуетничката интеграција и граѓански активизам.

Во периодот од последната интегрална евалуација, реализирани се следниве активности: изградена е нова спортската сала; амфитеатар – летна училница во училишниот двор за настава во природа; реновирани се сите училници во училиштето и поставени се нови шкафчиња, закачалки, паноа и бели табли; поставени се нови топли ПВЦ подови во сите училници; заменети се старите неонки со ЛЕД штедливи сијалици во целото училиште; поставен епоксиден цемент во сите ходници и степеници; извршено е комлетно молерисување на централното училиште и ПУ во с. Градец; на целиот горен спрат се спуштени плафоните и поставена е термоизилација за заштеда на електрична енергија; старата дрвена ограда на степенишниот дел е заменета со нова алуминиумска; асфалтирање на училишниот двор; реконструкција на три нови училници за

овозможување на работа во една смена; хотрикултурно уредување на училишниот двор; промена на санитатрните јазли, во ПУ во с. Лески направена е спортска сала, училница за ран детски развој, комплетно опремени училници; во централната зграда и подрачните училишта набавени се клима уреди, а во тек е оспособување и опремување на простор за мултимедијален центар.

Програмата за развој на училиштето е изготвена за временски период од 4 години, што е во согласност со одредбите на Законот за основно`образование. Резултатите од Самоевалуацијата се имплементираат во Програмата за развој на училиштето. Сите цели се опфатени, а активностите и конкретните цели се поставени во конкретна рамка со време на реализација со единствена препорака трендот на подобрување на целокупната работа да продолжи, без надолни осцилации.

Советот на родители е конституиран согласно закон и Статутот на училиштето. Советот на родители има изготвена Годишна програма за работа и Деловник за работа со број 01-373/2 од 03.11.2023 година. Изграден е партнерски однос со директорот и според изјаснувањето на членовите запознаени се со сите прашања во врска со воспитно-образовната работа, самоевалуацијата, развојната програма, како и за управување со финансиите во училиштето. Уредно ги свикуваат состаноците и сите членови се со легитимни мандати. На состанокот родителите не истакнаа некои проблеми кој директно се поврзани со воспитно-образовниот процес.

Училиштето обезбедува дополнителни средства од проекти со локалната самоуправа, бизнис секторот од општината и невладини организации.

## 7.2 Цели и креирање на образовната политика

Мисијата и визијата на училиштето ја одразуваат државната и локалната образовна политика. Тие се прецизни, јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, поддршка на активностите за инклузија, меѓуетничка интеграција и професионален развој на наставниците и унапредување на постигањата на сите ученици. Вработените ги познаваат и разбираат мисијата и визијата, а останатите чинители се запознаени со нив. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти да работат на остварување на мисијата и визијата, која главно е насочена кон современа настава, добра инфраструктура и градење на атмосфера на доверба, почитување и толеранција.

Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики и вложува напори за подобрување на квалитетот и условите за настава, за инклузија, намалување на сите видови на насилство, поттикнува младинско учество, антикорупциска едукација на учениците, недискриминација и еднаков пристап.

Во креирањето и подобрувањето на училишните политики, како и во активностите за нивно остварување, активно се вклучени вработените, структурите во училиштето, учениците и родителите.

Резултатите се видливи, јасни и ја отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето. Училиштето има план за следење и евалуација и индикатори за остварување на резултатите и тој план го реализира. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката на реализирање.

# 8. Наоди и препораки

## 8.1 Силни страни

- Вложување во инфраструктурни проекти за подобри услови за работа;
- Вклученост на наставниците и учениците во воннаставни активности;
- Вклученост на училиштето во проекти;
- Активна улога на ученичката заедница;
- Училишната клима и односите помеѓу најголем број од учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето се добри;
- Голем акцент на промовирање на воннаставните активности и постигањата на учениците;
- Добра соработка со локалната и деловната заедница.

## 8.2 Слаби страни

- Реализацијата на дополнителната настава во предметна настава;
- Стручните соработници работат во една просторија;
- Хигиената во тоалетите и само еден тоалет за вработените;
- Последна вежба за евакуација извршена во 2019 година.

## 8.3 Препораки

- Реализација на дополнителната настава од страна на предметните наставници согласно законските одредби и распоредот за реализација на истата;
- Да се обезбедат соодветни просторни услови за работа на психологот и специјалниот едукатор и рехабилитатор со оглед на природата на нивната работа во училишната зграда;
- Да се подобри хигиената во тоалетите и да се направат посебни тоалети за вработените;
- Да се изврши вежба за евакуација при несреќни случаи.

| | |
|---|---|
| Елена Павлова - Раководител на инспекциски тим | |
| Татјана Симоновска Алексова - Член на инспекциски тим | |
| Зоранчо Горгиев – Член на инспекциски тим | |